## КОМИСИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА НАМЕНЕТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОДНАЦИИТЕ

**ПОСТОЈНА ПРАВНА РАМКА**

**Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година**

Член 20, ставови 1 и 2

Средствата утврдени во Раздел 040.01 - Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 10-Администрација, ставка 463-Трансфери до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите ќе се користат врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Комисија формирана од Владата на Република Северна Македонија.

Здруженијата и фондациите до Владата на Република Северна Македонија-Генерален секретаријат доставуваат програми за намената на бараните средства, по претходно распишан оглас.

**Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации**

Член 5 ставови 1 и 2

Изборот на проекти се врши од страна на Комисија.

Комисијата на Владата е составена од членови на Владата, како и од експерти определени од страна на Владата.

**Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Репбулика Северна Македонија**

Член 7

Изборот на проекти се врши од страна на Комисија на Владата на Република Северна Македонија, составена од членови на Владата на Република Северна Македонија и на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, по спроведена проценка на квалитетот на предлог-проектите од страна на оперативна група назначена од членовите на Комисијата.

**ОПЦИЈА 1:**

Член 7 од Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Репбулика Северна Македонија **не се менува**.

Советот доставува заклучок до Владата неговите претставници да учествуваат во работата на Комисијата **во својство на набљудувачи**.

На 28.седница, одржана на 20.1.2021 год. мнозинстовото членови на Советот го поддржаа ставот дека постапката за распределба на средствата на Владата наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации во 2019 и 2020 год. претставува значително унапредување на системот на финансиска поддршка на граѓанските организации, што треба да се продолжи и во 2021 год. Потребно е да се посвети внимание на јакнење на капацитетите на членовите на оперативната група за евалуација на предлог-проектите и да се унапредат механизмите за следење на спроведување на проектите (содржината на договорите за обезбедување на финансиска поддршка во делот на одговорност на корисникот за непочитување на одредбите на договорот и неправилности во трошењето на средствата; обрасците за известување (квартални и завршни извештаи) и сл.)

Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации за 2021 год. (за кој Советот утврди позитивно мислење на 28.седница одржана на 20.1.2021 год,) да се објави во февруари 2021 год.

**ОПЦИЈА 2:**
Член 7 од Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Репбулика Северна Македонија **не се менува за Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2021 год**.

Советот формира Работна група за реформа на системот на државно финансирање.

Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации за 2021 год. да се објави во февруари 2021 год. со примена на постојната Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Репбулика Северна Македонија. Советот да достави заклучок до Владата неговите претставници да учествуваат во работата на Комисијата **во својство на набљудувачи**.

Советот да формира Работна група за операционализација на препораките на Анализата на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ- проектите во РСМ. Во рамките на активностите за сеопфата реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации да се регулира прашањето за составот на Комисијата за распределба на средствата, условите што треба да ги исполнуваат членовите на Комисијата, постапката за нивен избор, одредби за спречување судир на интереси и сл.

Работната група да ги има предвид препораките од проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од ЕУ и расправата од седниците на Советот одржани на 2, 7 и 28.12.2020 и 20.1.2021 година:

- изборот на проекти се врши од страна на Комисија формирана од Владата, составена од независни експерти избрани по пат на јавен оглас, или
- изборот на проекти се врши од страна на Комисија на Владата, составена од членови на Владата на Република Северна Македонија и на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, по спроведена проценка на квалитетот на предлог-проектите од страна на независни експерти избрани по пат на јавен оглас.